Андреј Марјановиќ

# КОЦКОГЛАВИ




09-19 јуни 2023,
Културно Информативен Центар – Скопје

Мојата втора самостојна изложба „Коцкоглави“ (“Blockheads”) е инспирирана од урбаната средина, од стрит-арт културата и нејзиниот израз и стил: боени скулптури од дрвени греди и слики на платно. Како своевидни стрит-арт тотеми, скулптурите на „коцкоглавите“ се ликови кои секојдневно се сретнуваат во градот и популарната култура: скејтер, цртач на графити, хакер, тапанар, панкер/панкерка, полицаец, политичар, баба, сомнителен лик… Спојот на дводимензионални цртежи врз тродимензионалната површина создава живи и препознатливи карактери што целосно го исполнуваат својот блок/коцка од просторот, секој на својот „ментално ограничен“ начин. Сликите, пак, се налик на стрит-арт мурали инспирирани од урбаната средина, кои се занимаваат со поголеми композиции од места во градот каде може да се сретнат ликовите на „коцкоглавите“.

Ова се слики, сцени и карактери од секојдневието, кои се трудам да бидат своевиден портрет на општеството во кое живееме – аналогно на сликите на Питер Бројгел, Хиеронимус Бош и Џејмс Ензор, кои си играат со гротеската, нудејќи критика на животот и луѓето од сопственото време. Се разбира, стилски се разликуваат, бидејќи јас сум растен со видео игри, стрип, анимација, графити и стрит-арт. Изложбата се состои од објекти кои со помош на едноставен цртеж и изразни елементи се трансформираат од аморфен минимален објект (дрвена греда) во артефакти што содржат карактер, чувство и став. Исто така, има и неколку „портрети“ на ликовни уметници кои мене ми значат и ги избрав за оваа изложба: Banksy (со својата субверзивна prank уметност, која во исто време сака и да насмее и да критикува), Енди Ворхол (со баналното, консумеризмот, славата и модата како главна тема) и Јајои Кусама (со својата опсесивност кон создавањето уметност и упорноста во својот израз, и покрај сите препреки). Овие три „портрети“ се само аперитив за еден пообемен циклус на „Славни коцки“ (Celeblocks), кои ќе следуваат понатаму.

Карикатурата, стрипот и анимацијата ме интересираа уште од мали нозе. Можеби поради нивната допадливост, умешноста да ме насмеат и расположат или поради едноставноста во графичкото решение – да создадат препознатливи карактери со што помалку линии и со редуцирана палета на бои… Во секој случај, отсекогаш сум го практикувал тој стилски израз, и за себе, и за „комерцијални“ цели (во анимација, илустрација и сл.). Но, овдешната „академска“ средина не гледаше со одобрување кон овие видови на уметничко изразување – барем не кога јас студирав… Кога во библиотеката на Факултетот за ликовна уметност ќе побарав стрип, се чудеа како барањето да не ми е на место. Се разбира, јас не барав да видам некој “Marvel” јунак на стероиди во хеланки, туку нешто од Robert Crumb или Art Spiegelman (некој ми го позајми “Maus” уште во средно училиште, а редовно ги следев и изданијата на „Лифт“ каде имаше интересни “underground” автори и понекој од нашите несфатени генијални стрип артисти). Во секој случај, овој вид израз крчкаше во моите тетратки и понекогаш ќе избегаше и на некој ѕид низ градот… И дури откако ќе видев како луѓето реагираат на моите карактери и ги препознаваат (откако ќе сретнеа некоја моја анимација или карикатура), почнав да станувам свесен дека овде има нешто повеќе од само брза смешка или зафрканција.

„Коцкоглавите“ се случија сосема спонтано: имав некоја греда дома, па ми дојде идејата да направам лик од неа, овој пат со акрили наместо спреј и маркери. И експериментот беше успешен – ова аморфно парче дрво без никакви особености се претвораше во карактер, со свој став и чувство, па ќе зафатеше некое место во собата и секогаш ќе ги изненадеше моите посетители. И така, одвреме-навреме ќе се најдеше уште некое парче греда, ќе ми текнеше на некој нов лик, и полека-полека се насобираа сѐ повеќе ликови. Ме фасцинираше како оваа минимална 3д форма може да се трансформира во нешто сосема друго со помош на едноставен 2д цртеж. И притоа ги содржи сите елементи на сето она што извршило влијание врз мене, барем кога станува збор за карикатурата, анимацијата и стрипскиот израз. Идејата беше да се дојде до брзо решение, како што се планира графит – едноставна скица, малку боја и експедитивност во изведбата – да се направи „штетата“ пред да налета некој несакан сведок. Кога решив конечно да ги заокружам овие експерименти во еден циклус, ми дојдоа повеќе идеи во глава одошто реално имав време и средства да ги реализирам за оваа изложба, но ете семето е посеано и наскоро сигурно ќе се намножат доволно дела за некој нов серијал.

Андреј Марјановиќ
16.05.2023

Сомнителен
лик (Бенкси?)



Енди Ворхол





Џои Рамон

Јајои Кусама




Ликот од право гето
Цртач на графити
Хакер
Тапанар
Бездомник
НДРЈ



Кутриот мал Рич / Poor Little Rich
100 x 70 см
Акрил на платно

Кратка биографија

Андреј Марјановиќ (р. 1978, Скопје) дипломира на Факултетот за ликовни уметности при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје во 2004 година, на отсекот за графика и применета графика, под менторство на ред. проф. м-р Мирко Вујисиќ.

Неговите први изложби во областа на графиката – „Повторувања / Recurrences“, 2007, во Отвореното Графичко Студио при Музејот на Град Скопје – остануваат забележани како ретко експериментално графичарско истражување во областа на цилиндричните печати, како и можноста за создавање досега неограничени величини на форматот во областа на графиката („Вавилонска кула“, 198 x 254 см).




Мојот град
120 x 80 см
Акрил и маркер на платно

Сепак, иако себеси се гледа првенствено како графичар, тој се изразува во повеќето класични техники (сликарство, скулптура, цртеж), а особено твори како мултимедија уметник. Помалку е познато дека уште од 90-тите твори и како графити уметник под разни псевдоними (НДРЈ, ЧКЉ Кру, Право гето) и работи електронска музика под неколку псевдоними (NDRJ, Party-breaking Inc., Кисела куќа), користејќи семплирање како главен конструктивен елемент. Исто така, уметноста ја применува и во своето 25-годишно професионално искуство со брендирање, графички дизајн, веб дизајн, фотографија, продукција на анимирани содржини, видео и аудио продукција. Избор од неговото творештво може да се види на неговата веб страна, инстаграм страна и музички профили.

Без оглед на техниката и примената, неговата уметност секогаш е заинтересирана за експериментирање, иновативност и интермедијалност. Во интермедијалните односи особено го привлекува музика, стрип, улична уметност, компјутерска уметност, видео игри и филм. Неговите дела стилистички се доближуваат до минималистички, симболичен и апстрактен израз, а содржински се проникнати со длабоко промислени концепти, критичен приод, автореференцијалност и хумор.

До 2013 година живее и работи во Скопје, а од мај 2014 година во Преспа. Член е на ДЛУМ од 2007 година.




Автобус
165 x 80 см
Акрил и маркер на платно

Изложби:

Изложба од колекцијата на Отворено Графичко Студио – групна изложба (Музеј на Град Скопје, јуни 2022)

Македонски художници в София / Македонски уметници во Софија – групна изложба на ДЛУМ (Галерија на Националниот дворец на културата, Софија, јули 2009)

ГрафИКОН – групна изложба (Отворено Графичко Студио, Музеј на Град Скопје, декември 2008)

Сленг речник – инсталација (Бела ноќ, Отворено Графичко Студио, Музеј на Град Скопје, септември 2008)

Повторувања / Recurrences, самостојна изложба (Отворено Графичко Студио, Музеј на Град Скопје, 2007)

Музички изданија/перформанси:

NDRJ + SAKO = Split – колаборативно двојно CD со експериментална електронска музика (Александрија и ФООМ, 2001; промоција во Музеј на Современа Уметност, Скопје)

Перформанс во живо со електронска музика (Споени садови – Фестивал на мултимедијална уметност, МКЦ, Скопје, 1997)

Контакт:
Веб страна: https://andrejmarjanovic.com
Меѓународна продажна галерија: https://www.saatchiart.com/amarjanovic
Инстаграм: https://www.instagram.com/andrejmarjanovic/
Музички профили: https://soundcloud.com/thendrj, https://www.facebook.com/thendrj/
Емаил: andrejmarjanovic@gmail.com



Контејнер
100 x 70 см
Акрил на платно

На насловна: „Мирољуб“, „Политичар“, „Добромир“, „Малиот критичар“ и „Бездомник“

Издавач: ЈУ Културно информативен центар - Скопје
За издавачот: Антонио Димитров - директор
Дизајн и фотографии: Андреј Марјановиќ
Печати: Royal Art
Реализација: Јуни 2023
ISBN 978-608-214-216-6